РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 05.03.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 1899/1 | 0 | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесувам Предлог на закон за дополнување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

1. Моника Зајкова
2. Димитар Ковачевски
3. Fatmir Bytyqi
4. Даниела Николова
5. Саше Хуидевски
6. Љубчо Николовски
7. Ѓорѓе Цуцулков
8. Мира К. Стојчевска
9. Миле Талевски
10. Мишко Трајчевски

Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, март 2026 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство („Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 24/21 и 39/25) уредени се итните и привремени мерки за заштита на жртвата и членови на нејзиното семејство од сторителот на насилство, меѓу кои и отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот на предлог на Министерството за внатрешни работи, без согласност на жртвата.

Предложеното дополнување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство има за цел да ја заштити жртвата од дополнително насилство од страна на сторителот, кој не почитува забраната за приближување до неа и до домот. Меѓутоа, факт е дека и покрај забраната, се случува жртвата по пријавувањето на насилството да биде изложена на дополнително насилство од страна на својот партнер кој не ја почитува забраната за приближување до домот. Предложената промена на законот вклучува доуредување на привремената мерка забрана за приближување на сторителот до жртвата. Ова значи дека, дополнително до забраната за приближување, сторителот ќе има електронска нараквица која ќе ја предупредува жртвата дека сторителот се приближува до одредено место, односно на оддалеченост помала од 100 метри. Оваа мерка би требало да ја засили заштитата на жртвата и да ја намали можноста за повторно изложување на насилство.

Поради се позачестените и брутални случаи на семејното насилство кои се случуваат во нашето опкружување, се предлага изменување и дополнување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство со кој ќе се доуреди привремената мерка забрана за приближување на сторителите до жртвите. Промената на законот се предложува поради потребата за подобрување на механизмите за заштита на жртвите на семејно насилство, имајќи предвид сериозноста на последиците кои може да ги има насилството врз жртвата.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлогот на закон за дополнување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство е да се обезбеди поефикасна заштита на жртвите на семејно насилство.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за дополнување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон за дополнување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство не предвидува дополнителни фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон за дополнување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

Член 1

Во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство („Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 24/21 и 39/25), во членот 58 став (1) точка 3 по зборот „жртвата“ се додаваат зборовите: „со обврска сторителот да носи електронска нараквица која ќе ја предупредува жртвата дека сторителот се приближува до определеното место, односно е на оддалеченост помала од 100 метри од жртвата“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство содржи 2 члена.

Со членот 1 се врши дополнување во членот 58 став (1) точка 3 од Законот и се предлага обврска за сторителот да носи електронска нараквица која ќе ја предупредува жртвата дека сторителот се приближува до определеното место, односно е на оддалеченост помало од І00 метри од жртвата

Со членот 2 од овој закон се уредува денот на влегување во сила на законот

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со дополнувањето на Законот ќе се обезбеди поефикасна заштита на жртвите на семејно насилство.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО КОИ СЕ ДОПОЛНУВААТ

Привремени мерки за заштита
Член 58

(1) Заради запирање на насилството, отстранување на последиците од извршеното насилство и преземање на ефикасни мерки кон сторителот на насилство, заради елиминирање на причините за повторно вршење на насилството, на сторителот на родово-базирано насилство врз жени и жртвите на семејно насилство судот може да му ги изрече следниве привремени мерки за заштита:

1) забрана да се заканува дека ќе стори насилство;

2) забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин директно или индиректно комуницира со жртвата;

3) забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува жртвата;

4) отстранување од домот без оглед на сопственоста во траење од десет до 30 дена;

5) забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено;

6) задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на жртвата и семејството;

7) задолжително законско издржување на семејството;

8) задолжително да посетува советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство;

9) задолжително лекување на сторителот доколку употребува, алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување;

10) сторителот задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од насилството и

11) која било друга мерка која судот ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на жртвата и другите членови на семејството.

(2) Во постапките во кои судот одлучува за привремени мерки за заштита се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка, доколку со овој закон не е поинаку уредено.